**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на Енмон д.о.о. Белград, Република Србија и Алтериа ЕЕОД, Бугарија над Керамика Кањижа, Република Србија**

**(предмет бр. 08-91 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 30.05.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Енмон д.о.о. Белград со регистрирано седиште на Булевар ослобоѕења 205, 1100 Белград, Србија и Алтериа ЕЕОД со регистрирано седиште на Славјанска 5, кат 3, 1000 Софија, Бугарија ќе стекнат заедничка контрола над Керамика Кањижа со регистрирано седиште на Хоргошки пут бб, 24420 Кањижа, Србија.

-**Енмон д.о.о. Белград** е дел од групацијата Енмон, која е активна на пазарот на големопродажба и малопродажба на керамички плочки, гранитна керамика, санитарија и поврзана опрема за бањи, јавни и станбени згради. Групацијата има над 1.200 вработени во осум земји и обезбедува комплетен систем за инсталација на керамика со сите придружни материјали. Енмон д.о.о. Белград е активно во Северна Македонија преку следните две поврзани друштва:

- Друштво за трговија и транспортни услуги ЕНМОН извоз-увоз ДООЕЛ Велес со седиште на ул. Оливер Китановски бр. 119 Велес, Скопје, Северна Македонија и регистрирана дејност – Трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема и
- Друштво за автотранспорт и трговија ЕНМОН-ТРАНСПОРТ извоз-увоз ДООЕЛ Велес со седиште на ул. Оливер Китановски бр. 119 Велес, Скопје, Северна Македонија и регистрирана дејност- Товарен патен транспорт ("**Енмон Транспорт**").

ЕНМОН извоз-увоз ДООЕЛ Велес и Друштво за автотранспорт и трговија ЕНМОН-ТРАНСПОРТ извоз-увоз ДООЕЛ Велес продаваат стоки и генерираат приходи во Северна Македонија.

- **Алтериа ЕЕОД** работи во рамките на групацијата друштва СПСЦ Инвест (*SPSC Invest*), која обединува голем број друштва вклучени во различни дејности. Алтериа ЕЕОД нема поврзани друштва, филијали или претставништва во Северна Македонија, но остварува промет во Северна Македонија преку продажба на стоки.

-**Керамика Кањижа** е српски производител на керамички плочки, кој работи на пазарот веќе 40 години. Друштвото е активно во производството и пазарот на големопродажба, а во својата работа користи модерни технологии и машини од Италија. Нуди широк спектар на производи, како што се подни и ѕидни керамички плочки, како и порцелански плочки со квалитет на порцелан. Кањижа ги пласира своите производи на пазарот на Србија и во земјите од Југоисточна Европа. Керамика Кањижа нема поврзани друштва, филијали или претставништва во Северна Македонија, но остварува промет во Северна Македонија преку продажба на стоки, односно преку своите големопродажни операции од Србија.

Економскиот сектор засегнат од концентрацијата големопродажба.

Општо земено, предложената трансакција првенствено се однесува на пазарот на производство и на керамички плочки, но нема влијание врз конкуренцијата во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

04.06.2025 година

Скопје